**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6011 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Во овој десетдневен период, од 11 до 20 ноември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг

согласно Методологијата. Телевизијата емитува кратки и фактографски вести од 5-6 минути поврзани со најактуелните случувања во земјава.

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

На 12 ноември 2016 година, со почеток во 17 часот и 1 минута, се емитуваше премиерното издание на емисијата „**Интервју**" со водителката Марија Бразда. Гостин беше Дора Јурукова – државен советник во Државниот архив на Македонија. Како повод за емисијата беше посочена промоцијата на едицијата „Црните страници на УДБА" во Музејот на македонската револуционерна борба на 3 октомври, или, како што рече водителката „едиција за следењето на Македонците". Водителката нагласи дека со Јурукова ќе ја промовираат едицијата и дека ќе разговараат за УДБА и за прашањата кои се отвораат со промовирањето на едицијата. Како се живеело во времето на УДБА? Тогаш, кој се бил прислушуван и следен? Каква е состојбата денеска? Дали УДБА постои и денеска? Јурукова ја претстави едицијата, истакнувајќи дека содржи 9 тома-16 книги, 202 досиеја на личности, избор на документи и едно досие на партија. Таа посочи дека досието е за ВМРО-ДПМНЕ кое од службите е водено под псевдонимот „Темел", а дека изборот на 202 личности е направен од 15 илјади луѓе. Образложи кои луѓе биле следени и зошто и како се правело тоа. Јурукова нагласи дека лицата и фамилиите што биле од другата страна – од УДБА и службите, и ден-денес работат. Потенцираше дека овие две години се случуваат настани во Македонија кои се преземени од учебниците на УДБА. Емисијата имаше репризно издание истиот ден и уште три репризни изданија на 13 ноември 2016 година.

На 17 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 29 минути, премиерното издание на емисијата „**Профит**" со водителката Марија Ѓеорѓиевска беше на тема „Општествена одговорност на компаниите". Гости беа: Александар Николов – претседател на Координативното тело за општествено-одговорни практики; Дритон Кучи – министер за економија, Миле Бошков – извршен координатор на Бизнис конфедерацијата на Македонија, Владанка Трајкоска и Марјан Трајкоски – Раде Кончар ТЕП, Ернест Доброшлиоски – Рош Македонија. Двете репризни изданија на емисијата беа на 18 ноември и по едно репризно издание се емитуваше на 19 и 20 ноември 2016 година.

На 20 ноември 2016 година, со почеток во 17 часот се емитуваше премиерно издание на емисијата „**Интервју**" со водителката Марија Бразда. Гостин беше: беше проф.д-р Сузана Кратовалиева – директор на Државната фито-санитарна лабораторија. Се разговараше за безбедноста на храната што ја купуваме на пазарите и продавниците и за улогата на фито-санитарната лабораторија. Емисијата се репризираше истиот ден.

***Сектор за програмски работи***